МАКЕДОНИЈА

# Пронајдено оружје кај две лица од кавадаречко

Од Скопје1.мк

Објавено на 19/03/2024



На 18.03.2024 во 19.00 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода З.П.(56) и Б.П.(33) од село Сирково, кавадаречко. При претрес во нивниот семеен дом, извршен со наредба од Основен суд Кавадарци, кај З.П. биле пронајдени и одземени две воздушни пушки, сигнален пиштол, повеќе сигнални куршуми, повеќе куршуми за ловечка пушка, кутија со сачми и барут и алатки за изработка на муниција. Додека кај Б.П. биле пронајдени и одземени повеќе ловечки патрони. Лицата биле приведени во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

**ПОВРЗАНИ ВЕСТИ ПРЕКУ ОЗНАКИ:** МВР


**ПРОЧИТАЈТЕ И:**


Велосипедист со скршеници донесен на Клиника: бил удрен од моторцикл, возачот избегал


Трагична несреќа близу Струмица: Бебе загина, две лица со тешки повреди


Камион и „ауди“ се судрија на патот Прилеп-Битола – возач со тешки повреди е во болница










САКАТЕ ДА ГИ ДОБИВАТЕ НАЈНОВИТЕ ВЕСТИ?

ДА, СЕ ПРИДРУЖУВАМ

СÈ ШТО Е НАЈНОВО







Copyright © 2018-2022 Skopje1.mk